## НАУЧЕН СОБИР „ПРОБЛЕМИ НА ДЕМОГРАФСКИОТ РАЗВОЈ ВО СР МАКЕДОНИЈА"

Македонската академија на науките и уметностите на 3 и 4 ноември 1983 година во Леуново одржа научен собир на тема: „Проблеми на демографскиот развој во СР Македонија".

Научниот собир со пригоден говор го отвори акад. Ксенте Богоев, претседател на Организациониот одбор и ги поздрави учесниците. Потоа тој го поднесе и уводното излагање на тема „Основните карактеристики и тенденции на демографскиот развиток на СР Македонија".

На пленарната седница претпладнето од уводните реферати беа поднесени уште четири и тоа: 1. Акад. Милош Мацура: „Сличност и разлики во обновувањето на населението на Македонија и Југославија"; 2. Д-р Душан Брезник и д-р Љубомир Антоновски: „Фертилитетот на населението и планирањето на семејството во СР Македонија"; 3. Боро Пекевски: „Некои демографски појави што се откриваат со резултатите од пописот на населението и становите во 1981 година" и 4. Проф. д-р Митра Шароска: „Репродукцијата на населението и општествено-економскиот развој во СР Македонија".

На попладневната седница беа презентирани уште три уводни реферати и тоа: 1. Проф. д-р Александар Курчиев: „Трајните миграции на населението во СР Македонија (село-град, меѓуопштински и во однос на другите републики во СФРЈ)"; 2. Доп. член Никола Узунов и м-р Славе Ристески: „Прашањето за полна вработеност во СР Македонија", и 3. Соња Масевска: „Перспективни промени во бројот и структурата на населението во СР Македонија до 2001 година".

Во дискусијата што се водеше по уводните реферати учествуваа: акад. Милош Мацура, Ристо Цунов, проф. д-р Никола Кљусев и д-р Музафер Туфаи.

Вториот ден претпладне работата на научниот собир се одвиваше во четири секции, под раководство на модератори (по тематски подрачја).

Во првата секција беа разработени карактеристиките и *проблемите на репродукцијата на населението*, последиците од досегашните и идните диспропорции помеѓу репродукцијата на населението и општествено-економскиот развој во СР Македонија, факторите на репродукцијата на населението, актуелните прашања на контролата на раѓањето, планирањето на семејството и вкупната репродукција на населението.

Во оваа секција беа презентирани следните 10 реферати: 1. Проф. д-р Никола Кљусев, м-р Гоце Петрески и Величко Андреевски: „Измените во структурата на смејството и нивното влијание врз економскиот развој"; 2. М-р Амалија Јовановиќ: „Социјалните аспекти на планирањето на семејството во СРМ"; 3. Д-р Кирил Јанев, Олга Иванова и Крсте Груевски: „Смртноста во СР Македонија и популационите загуби во 1981 година", 4. Д-р Вулнет Ста-

рова: „Основни фактори кои ја детерминираат високата стапка на смртноста на доенчињата во СРМ"; 5. Проф. д-р Блага Петроска: „Некои согледувања во врска со наталитетот во СР Македонија"; 6. Олга Иванова: „Промени во фертилното женидбено население во СР Македонија"; 7. Проф. д-р Александар Лазаров и д-р Кирил Демерџиев: „Репродуктивното однесување на жените во СР Македонија во последните 30 години"; 8. Д-р Кирил Демерџиев и проф. д-р Александар Лазаров: „Демографските перспективи согледани низ репродуктивните планови на сексуално-активните докажано фертилни адолесцентки"; 9. Д-р Љубомир Антоновски, д-р Душан Брезник и д-р Виолета Малинска: „Абортусот како медицински, медицинско-социјален и демографски проблем во СР Македонија"; и 10. Д-р Јован Јуруковски и Русе Бошковски: „Особености во репродуктивното однесување на населението во некои општини во западна Македонија со посебен осврт врз долнореканскиот крај".

Модератор на ова подрачје беше проф. д-р Митра Шароска.

Во второто подрачје беа обработувани *проблемите на миграционите движења* во СР Македонија и другите републики во СФР Југославија и странство, како и демографските аспекти на деаграризацијата и урбанизацијата во Републиката. Во оваа секција беа поднесени 9 реферати и тоа: 1. Проф. д-р Александар Курчиев и д-р Бобек Шуклев: „Дневните миграции на работната сила во СР Македонија"; 2. Д-р Елка Димитриева и Верица Јанеска: „Особености на миграционите движења од СР Македонија во странство"; 3. Д-р Васил Граматников-ски: „Емиграционите зони во СР Македонија"; 4. Проф. д-р Митко Панов: „Просторните детерминанти како фактор за оценка на демографскиот развој на СР Македонија"; 5. Д-р Ристо Карталов: „Демографските аспекти на деаграризацијата во СР Македонија"; 6. М-р Ангел Георгиев: „Специфичните карактеристики на урбанизацијата на СР Македонија"; 7. Дипл. инж. арх. Владимир Ќосевски: „Процеси на урбанизацијата во СР Македонија во 1948—1981 година"; 8. М-р Огнен Дамев и м-р Методија Несторовски: „Урбанизацијата на селата од аспект на промените во опременоста на селското население со станови, станбена инфраструктура и со трајни потрошни добра" и

9. Благоја Мисајловски: „Демографските проблеми на планинските подрачја од аспект на народната одбрана и општествената самозаштита".

Модератор на ова подрачје беше проф. д-р Александар Курчиев.

Во третото подрачје беа изнесени *измените во структурата на населението*: витални, социјално-економски, образовни и етнички, и нивното влијание врз општествено-економскиот развој на Републиката, како и меѓузависноста помеѓу промените во структурата на населението и неговото природно и механичко движење. Во ова подрачје беа поднесени следните 9 реферати: 1. Д-р Тодор Рушков: „Социо-економските промени на населението во СР Македонија за периодот 1971—1981 година"; 2.

М-р Борис Блажевски: „Населението и животниот стандард во општествено-економскиот развој на СР Македонија"; 3. Д-р Владимир Картов: „Движењето на вкупното население на СРМ во повоениот период и неговите промени во националниот состав"; 4. М-р Душан Бубевски: „Некои аспекти на националниот состав на населението во СР Македонија во периодот 1948—1981 година"; 5. М-р Катарина Ношпалоска: „Промени во контингентите на населението во СР Македонија како одраз на промените во старосната и половата структура на населението"; 6. Верка Панова: „Демографските промени на населението во неразвиените подрачја во СР Македонија"; 7. М-р Иван Ангелов: „Демографскиот развој во СР Македонија и неговите импликации врз образовната структура"; 8. Марика Ботева-Панкова и Петар Трајковски: „Структурни промени во демографскиот развој на град Скопје" и 9. М-р Илија Ацески: „Социо-економските карактеристики на населението во приградските населби на подрачјето на Скопје".

Модератор на ова подрачје беше Боро Пекевски.

Во четвртото подрачје *населението* беше третирано *како извор на работната сила* и беа разгледани карактеристиките на населението и работната сила во Републиката и во одделни подрачја.

Во оваа секција беа поднесени 5 реферати и тоа: 1. Атанас Николовски: „Формирање на работната сила во СР Македонија"; 2. Д-р Елка Димитриева и инж. Илија Станчевски: „Резерви на работната сила во СР Македонија"; 3. Д-р Синиша Спасов и м-р Панче Соколов: „Искористување на вработената работна сила во СР Македонија"; 4. Јане Миљовски: „Некои промени во структурата на невработените во СР Македонија" и 5. М-р Васил Даскаловски и Дончо Герасимовски: „Демогеографски аспекти на 'привременото' вработување во странство од СР Македонија".

Модератор на ова подрачје беше доп. член Никола Узунов.

По презентирањето на рефератите, во секциите се водеше дискусија по одделни тематски подрачја.

На попладневната пленарна седница модераторите реферираа за работата на секциите. Потоа се водеше дискусија по рефератите од сите тематски подрачја, во која учествуваа: м-р Панче Соколов, д-р Тодор Рушков, м-р Душан Бубевски, м-р Илија Ацески, д-р Душан Брезник, проф. д-р Никола Кљусев, проф. д-р Блага Петроска и дипл. инж. арх. Владимир Косевски.

На крајот акад. Ксенте Богоев им се заблагодари на учесниците кои пројавија интерес за демографската проблематика, која во Македонија за првпат се третира на еден научен собир и го изнесе еднодушното мислење дека собирот ја исполни целта што му беше поставена. Собирот може да се оцени за успешен затоа што го поттикна научниот интерес на доста широк план, го сврте вниманието на политиката и на јавноста на некои од позначајните проблеми и укажа на просторите кои треба да го задржат натамошниот интерес во истражувањата

и во мерките на заедницата. Рефератите како и дискусијата, Македонската академија на науките и уметностите ќе ги објави во посебен зборник, со што тие ќе станат достапни за јавноста.

Благој СТОИЧОВСКИ

## БИТОВОТО И ИСТОРИСКОТО ВО МАКЕДОНСКАТА УМЕТНИЧКА ПРОЗА

Македонската академија на науките и уметностите, на 10 и 11 мај 1983 година, во просториите на Академијата одржа научен собир на тема: „Битовото и историското во македонската уметничка проза”.

При определувањето на оваа тема организаторот го имаше предвид значајниот подем што македонската прозна продукција го одбележа во изминатиот период, заземајќи едно од најзначајните места во современата македонска литература и култура. Тој подем се изразува во повеќе насоки — од богатството на жанровите (расказ, новела, роман) до тематската разновидност што во себе опфаќа широк спектар на содржини — од историски и битови до современи.

Оваа панорама на автори, на жанрови, на содржини и на естетски постапки во нашето прозно творештво сè повеќе станува предмет на интересирање на нашата критичарско-есеистичка и теоретска мисла.

Со оглед на фактот дека битовите и историските теми во нашето прозно творештво се за нашиот народ значајни и карактеристични и претставуваат негова постојана инспирација, научниот собир имаше за цел свртување кон едно поширoко научно проучување на овие две области. На авторите со реферати им беше овозможено тоа проучување да се движи во еден широк спектар на теми од народниот бит и фолклор до темите од областа на поблиското (Народноослободителната војна и Револуцијата, почетоците на дваесеттиот век и подалечното минато.

Научниот собир, со пригоден уводен текст, го отвори акад. Васил Ильоски, а собирот од името на Македонската академија на науките и уметностите го поздрави акад. Михаило Апостолски, претседател на Академијата.

Со свои прилози на собирот настапија: проф. д-р Кирил Пенушлиски, Одразот на фолклорната традиција врз македонската уметничка проза; проф. д-р Вера Стојчевска-Антиќ, Средновековните книжевници и историјата; проф д-р Слободан Ж. Марковиќ, Животното секојдневие и уметничката стварност во романот на Стале Попов „Крпен живот”; проф. д-р Ружа Паноска, Сфаќањата на битовата компонента во јазикот на македонската уметничка проза; доц. д-р Луан Старова, Балканскиот контекст на македонскиот роман со тематика од османскиот период; проф. д-р Георги Старделов, Литературата, историските митови и идеологии; проф. д-р Радомир Ивановиќ, Полифонаta структура на романите на Славко Јаневски; д-р Радоица